***Број: 02 - 16711/2***
***06.10.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XL -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 06.10.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Слаѓана Николовска, началник на одделението за фармација (делумно присутни);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Со оглед на тоа дека со решение на Владата на Република Македонија е разрешен досегашниот претставник на Министерството за здравство и претседател на Управниот одбор Аљбон Џемаили а е именуван нов претставник - Фисник Ибраими, седницата ја отвори заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска. Откако утврди дека се присутни сите членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXIX седница на УО одржана на 05.09.2008 година.*

1. *Утврдување на претседател на Управниот одбор;*
2. *Инвестиции во јавните здравствени установи;*
3. *Изменување и дополнување на Инвестиционата програма за Фондот и подрачните служби;*
4. *Информација од ex-ante контроли;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Одлука за утврдување на референтна цена на ПАП;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за за одобрување на користење приватни возила за службени потреби;*
9. *Приговори од областа на работните односи;*
10. *Разно.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија Предложениот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXIX седница на УО одржана на 05.09.2008 година.*

1. *Утврдување на претседател на Управниот одбор;*
2. *Инвестиции во јавните здравствени установи;*
3. *Изменување и дополнување на Инвестиционата програма за Фондот и подрачните служби;*
4. *Информација од ex-ante контроли;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците*

*можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

7. *Одлука за утврдување на референтна цена на ПАП;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за за одобрување на користење приватни возила за службени потреби;*
9. *Приговори од областа на работните односи;*
10. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXIX седница на Управниот одбор одржана на 05.09.2008 година;*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XXXIX седница одржана на 05.09.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Утврдување на претседател на Управниот одбор*

*Со оглед на тоа дека со решение на Владата на Република Македонија е разрешен досегашниот претставник на Министерството за здравство и претседател на Управниот одбор Аљбон Џемаили а е именуван нов претставник - Фисник Ибраими, Снежана Костадиноска Милошеска побара објаснување на законската регулатива што се однесува на претседавањето со Управниот одбор, односно со изборот на претседател.*

*Лазар Трајчев објасни дека со оглед на фактот што досегашниот претседател е разрешен од должноста член на Управниот одбор на Фондот, потребно е да се утврди нов претседател. Додаде и дека согласно член 55 став 3 од Законот за здравственото осигурување, претседател и заменик на претседателот се претставниците од Министерството за здравство и Министерството за финансии кои во текот на мандатот наизменично по една година се менуваат. Од именувањето на овој состав на Управниот одбор претставникот на Министерството за здравство беше претседател па согласно законот сега претставникот на Министерството за финансии треба да биде носител на таа функција. Инаку Управниот одбор во врска со ова не треба да одлучува, туку треба само формално да го изгласа.*

*Трајче Леов рече дека и за него е неспорно дека претставникот на Министерството за финансии треба да ја превземе функцијата претседател и додаде дека со оглед на фактот што претставникот на Министерството за здравство ја извршуваше таа функција две години, и претставникот на Министерството за финансии треба да ја извршува исто толку. Се разбира доколку тоа законот го дозволува.*

*Лазар Трајчев укажа дека законот предвидува претставниците на двете министерства да се менуваат на една година.*

*Фисник Ибраими праша зошто досегашниот претставник на Министерството за здравство бил претседател две години.*

*Борис Јосифовски истакна дека текстот на Законот за здравственото осигурување е дециден поради што е прашање дали во врска со утврдувањето претседател Управниот одбор воопшто треба да гласа или само да констатира дека ќе се изврши замена на функциите. Според него треба само да се констатира замената согласно законот.*

*Маријана Лончар Велкова и Страшо Наумоски го поддржаа предлогот на Трајче Леов претседателот и заменикот на претседателот да се менуваат на две години. Тоа оттаму што една година е релативно кус период. Со оглед на тоа што Законот за здравственото осигурување не дава таква можност се заложија за иницираање на негова измена во таа насока.*

*Фисник Ибраими праша дали постои можност да се продолжи мандатот на претставникот на Министерството за здравство.*

*Директорот Тренкоски и Лазар Трајчев укажаа дека таква можност законот не предвидува и за тоа е потребно да се направат измени во законот.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска ги повика членовите на Управниот одбор формално да се констатира дека нов претседател е претставникот на Министерството за финансии Снежана Костадиноска Милошеска а нов заменик на претседателот е претставникот на Министерството за здравство Фисник Ибраими.*

*Сите членови на Управниот одбор гласаа ЗА, освен Фисник Ибраими кој беше воздржан.*

*Со тоа Управниот одбор утврди дека претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е претставникот на Министерството за финансии Снежана Костадиноска Милошеска а заменик на претседателот е претставникот на Министерството за здравство Фисник Ибраими.*

*Потоа, членовите на Управниот одбор едногласно му се заблагодарија на досегашниот претседател Аљбон Џемаили за успешната и ефикасна работа за време на неговото претседавање со Управниот одбор како претставник на Министерството за здравство.*

*Во врска со расправата по оваа точка, Управниот одбор донесе и*

***Заклучок:** Да се иницира законска измена која ќе овозможи претставниците на Министерството за финансии и Министерството за здравство да ја вршат функцијата претседател на Управниот одбор наизменично по две години.*

***ТОЧКА 2 -** Инвестиции во јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека од буџетот за 2008 година во кој имаше средства од 400 милиони денари предвидени за инвестиции во здравството заради нереализирање на тендерот останаа вишок средства во висина од 140 милиони денари. Овие средства треба да се насочат за други инвестиции кои ќе може да се реализираат до крајот на годината. За таа цел од јавните здравствени установи беше побарано да достават преглед на најнеопходната*

*опрема за непречено даавање на услуги за осигурениците. По добиените барање од јавните здравстени установи Фондот со нив го запозна и Министерството за здравство.*

*Директорот Тренкоски додаде дека се работи за буџетски средства кои не може да се пренаменат без ребаланс и дека министерот побара разгледувањето на оваа точка да се одложи за барем една седмица.*

*Фисник Ибраими тоа го потврди и додаде дека Министерството бара да се формира група со членови од Министерството и Фондот која ќе ги разгледа барањата на јавните здравствени установи.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи со потребата од одлагање на точката наведувајќи дека треба да се утврдат и критериуми за распределба на средствата по кои ќе работи групата.*

*Фисник Ибраими наведе оти смета дека критериумите ќе ги утврди самата работна група. Постави прашање дали средствата за опрема ќе се поделат како парични средства или како опрема.*

*Директорот Тренкоски објасни дека Фондот ќе префрли парични средства на сметката на здравствената установа но само откако таа ќе има веќе склучен договор за набавка, а здравствената установа ќе треба веднаш со тие средства да ја плати опремата.*

*Снежана Костадиноска Милошеска наведе дека самиот факт што средствата кои со буџетот на Фондот биле предвидени за купување на опрема не се потрошени, а недостаток од опрема е неоспорен е голем минус. Поради тоа, а и поради фактот што до крајот на годината не останува многу време за реализација на средствата, сметам дека не треба допрва да се утврдуваат критериуми за распределба и со тоа да се троши скапоцено време.*

*И Маријана Лончар Велкова се согласи дека треба веднаш да се реагира и посочи дека Фондот треба самиот да формира комисија која ќе провери дали цените на опремата посочени од здравствените установи се реални.*

*Директорот Тренкоски објасни и дека износот од 7,9 милиони за одделна набавка е граница над која рокот во кој може да се спроведе постапката за набавка се удвојува. Затоа, интенција на Фондот беше набавките кај одделни здравствени установи да бидат до таа висина како би можела постапката да се спроведе до крајот на годината. Потоа предложи Управниот одбор да одобри 250 милиони денари за набавка на опрема а потоа Фондот заедно со Министерството за здравство да го прочисти списокот за во рок од седум дена да може да се распишат тендери за набавка на опрема.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали Министерството има стратегија кои здравствени установи во овој момент треба да се поддржат или тоа допрва ќе треба да се утврдува. Најдобро е да се купи опрема за оние установи за кои е најнеопходна во моментов.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека сите јавни здравстени установи работат по склучен договор со Фондот кој е склучен врз основа на утврдени критериуми. Мислам дека од нив треба да се раководиме при распределбата на средствата.*

*Според Фисник Ибраими на сите јавни здравствени установи треба да им се доделат средства, а според Снежана Костадиноска Милошеска, Министерството за здравство треба да укаже на приоритетите.*

*Потоа Снежана Костадиноска Милошеска предложи Управниот одбор да не навлегува во расправа за стратешките приоритети со оглед на кратиот рок во кој треба да се реализираат средствата, туку да изнајде начин како тие ефикасно и брзо да се употребат до крајот на годината.*

*Во продолжение на расправата по оваа точка се дискутираше за критериумите врз основа на кои ќе се врши распределбата на средствата.*

*Љубиша Каранфиловски предложи да се утврди соодносот помеѓу средствата што ќе се насочат во примарната и во секундарната здравствена заштита.*

*На ова директорот Тренкоски укажа дека примарната здравствена заштита во јавните здравствени установи е приватизирана и додаде дека болниците се незадоволително опремени па на нив треба да се стави акцентот. Особено акцент треба да се стави на Упргентниот центар.*

*Страшо Наумоски укажа дека при доделувањето на средствата за опрема треба да се води сметка и за просторот и кадарот во соодветната здравствена установа. Во спротивно може да се случи да се набави опрема која не ќе има каде да се смести односно да нема обучен кадар за нејзино користење.*

*Маријана Лончар Велкова предложи во работната група да биде вклучен и претставник од Републичкиот завод за здравствена заштита а Управниот како насока за нејзината работа да побара при распределбата на средствата да се води сметка за потребите на осигурениците по региони и да се набавува опрема за најфреквентната установа за одделен регион.*

*Потоа Управниот одбор врз основа на целокупната расправа ги утврди насоките за составот на работната група и критериумите врз основа на кои ќе треба да ја изготви распределбата:*

*Работната група во својот состав да вклучи и претставник од Републичкиот завод за здравствена заштита.*
*Во рок од седум дена да се направи предлог за распределба на средствата.*
*Да не се доделуваат по секоја цена средства на сите здравствени установи туку да се води сметка за приоритетите кои ќе се утврдат врз основа на:*

- *Можноста за реализирање на набавката до крајот на годината;*
- *Средствата да им се доделат на установите од секундарната здравствена заштита;*
- *Видот и обемот на услугите што здравствената установа ги дава на осигурените лица на Фондот при што да се даде предимство на установите кои даваат здравствена заштита на повеќе осигурени лица.*

*Истовремено да се води сметка за рамномерно распоредување на средствата по региони;*

*Работната група водејќи сметка за овие насоки да изработи предлог за распределба поткрепен со цврста аргументација.*

***ТОЧКА 3 -*** *Изменување и дополнување на Инвестиционата програма за Фондот и подрачните служби*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека не се предлага изменување на целата Инвестициона програма туку само на еден мал дел. Се работи за намалување на средствата од ставката наменета за набавка на плакари за сметка на зголемување на средствата во ставката за бироа и полици. Ова се предлага по извршената анкета во подрачните служби за нивните потреби.*

*Потоа Златко Алексов објасни дека треба да се извршат измени и во Планот за јавни набавки поради настанати измени во инвестициониот план и тоа:*

- *дополнување на постапката на набавка на гориво за греење со набавка на моторни горива, согласно заклучокот на Влада на РМ да се спроведе спреку електронски систем на јавни набавки;*
- *промена на очекуван почеток и*
- *промена на проценета вредност на постапките наведени во предлог одлуката за измена на планот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложеното*

***Изменување и дополнување на Инвестиционата програма за Фондот и подрачните служби***

*и*

***Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4 -*** *Информација од ex-ante контроли*

*Информацијата ја образложи Ромела Поповиќ Трајкова. Таа наведе дека она што пред се го контролираше ex-ante контролата е најболната точка во работењето на јавните здравствени установи - исплатата на плати и надоместоци. Претходната Информација во месец јуни беше доставена до сите јавни здравствени установи заедно со мерките предложени од Владата. Во периодот од јули до септември новите контроли ги посетија јавните здравствени установи и проверија дали пропустите се отстранети. Притоа е констатирано дека најголемиот дел од препораките се апсолвирани и дека најголемо непочитување има кај платите. Бидејќи во делот на платите се и најголемите средства, значи дека сепак во голем дел не се работи според законот.*

*Директорот Тренкоски дополни дека до Фондот е доставен и извештај за Клиничкиот центар од Државниот завод за ревизија кој е катастрофален. Заводот бара и од Фондот да превземе мерки за подобрување на состојбата. Констатирано е дека во Клиничкиот центар се прекршува законот и колективниот договор и незаконски се исплаќаат средства. Тие средства треба да се вратат. Заради подобрување на состојбата треба да се интензивираат ex-ante контролите.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека не се работи за непочитување на колективниот договор кај платите туку кај додатоците на платите.*

*Снежана Костадиноска Милошеска пак укажа дека Министерството за здравство треба да ја контролира законитоста на работењето на менаџментот во јавните здравствени установи како што Фондот го контролира работењето на подрачните служби. Министерството треба сериозно да ги разгледа извештаите од Државниот завод за ревизија и да ги предупреди менаџерите. Значи ако постојат прописи за начинот на работењето на менаџментот во јавните здравствени установи, Министерството треба да се погрижи за нивна примена. Ако такви прописи нема, тие треба да се изготват. Значи, Министерството треба сериозно да се посвети на проблемот.*
*Ромела Поповиќ Трајкова во таа смисла рече дека овој извештај ќе се достави до Министерството за здравство за да може да се запознае со констатациите и да превземе потребни мерки.*

*Маријана Лончар Велкова укажа дека треба да се води сметка и за фактот што контролите се извршени во 114 јавни здравствени установи, односно покрај нив постојат уште околу 100, па да се поведе сметка и за тоа дали од контролите во 114 установи може да се изведат заклучоци за работењето на сите јавни здравствени установи.*

*На крајот на расправата по оваа точка, Управниот одбор едногласно ја усвои изготвената*

***Информација***
***од извршени контроли на спроведување на акционен план од ex-ante финансиски контроли во јавните здравствени установи***

***ТОЧКА 5 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка даде директорот Јелникар. Тој објасни дека со предложените измени не се утврдуваат референтни цени за нови генерики туку кај неколку генерики се додаваат повеќе лекови од кои може да се направи избор. Лековите со кои се зголемува можноста за избор се лекови против болки и антибиотици.*

*Директорот Тренкоски додаде дека кај лекот Трамадол од производителот Јака имаме понудено цена која е пониска од референтната.*

*Борис Јосифовски укажа на опасноста да се утврди референта цена од лек кој не се користи односно кој осигурениците не сакаат да го користат. Доколку референтната цена се утврди врз основа на таков лек а осигурениците не го користат ќе имаме празнина во понудата.*

*Директорот Тренкоски потврди дека навистина постојат лекови кои осигурениците ги избегнуваат сомневајќи се во нивниот квалитет. Меѓутоа проблемот со квалитетот на лековите е во доменот на Бирото за лекови. Поради тоа најдобро објаснување на состојбата со тоа прашање може да се добие токму од Бирото.*

*Маријана Лончар Велкова наведувајќи дека на рецептите со кои лекарот пропишува лек, се впишува генериката а не и комерцијалното име, се запраша кој одговара за изборот на лекот. Матичниот лекар нема такво право. Укажа дека на овој аспект од користењето на лековите треба да му се посвети поголемо внимание и подетално да се разработи во што доби поддршка и од Снежана Костадиноска Милошеска.*

*Потоа, Управниот одбор, со цел да се добие одговор на повеќе прашања поврзани со лековите, донесе*

***Заклучок:** За следната седница на Управниот одбор да биде поканет директорот на Бирото за лекови за пред Управниот одбор да даде објаснувања особено во врска со методологијата за формирање на единствените цени на лековите но и за квалитетот на лековите кои се достапни на осигурениците, како и да одговори на други прашања од делокругот на Бирото за лекови.*

*Покрај ова, со оглед на фактот што и досега во неколку наврати директорот на Бирото бил поканет да присуствува на седница на Управниот одбор а на поканите не одговорил, побара од претставникот на Министерството за здравство Фисник Ибраими да се погрижи за негово присуство на следната седница.*

*На крајот од расправата по оваа точка, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 6 -** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Сојузот на инвалидите упатил барање до Фондот во кое укажува дека одреден број на лица со инконтиненција имаат потреба од специфични помагала кои во земјите од регионот се веќе овозможени како право од задолжителното здравствено осигурување. Се*

*работи за специфични урин кеси, кондоми и пелени. Овие помагала предлагаме да бидат овозможени и на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. За таа цел покрај Одлуката со која ќе се утврди референтна цена за нив, треба да се изврши измена и во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала со која ќе бидат наведени како помагала на кои осигурените лица со одредена дијагноза имаат право. Покрај тоа, се предлагаат и референтни цени за неколку очни помагала кои се на листата на помагала што Фондот ги овозможува на своите осигурени лица но за нив досега немавме формирано референтна цена. Тие помагала се: очила со специјален систем на стакла (телескопски), очила со млечни стакла, очила со темни стакла, очни призми како и долг бел стап кој го користат слепите лица.*

*Директорот Тренкоски дополни дека еден од параметрите за оценување на квалитетот на животот во една земја е односот кон лицата со хендикеп. Па и заради тоа побара Управниот одбор да ги поддржи предложените измени на Одлуката и Правилникот.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*со кој урин кесите, кондомите и пелените за лицата кои страдаат од инконтиненција се вклучуваат во помагалата кои може да се добијат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврдија референтни цени за урин кесите, кондомите и пелените за лицата кои страдаат од инконтиненција како и за пет очни помагала.*

***ТОЧКА 7 -*** *Одлука за утврдување на референтна цена на ПАП*

*Директорот Тренкоски наведе дека ПАП тестот е една од најважните здравствени услуги за која досега референтната цена по која ФОндот ја плаќаше на здравствените установи беше нереално висока.*
*Потоа Ромела Поповиќ Трајкова ја објасни метологијата по која е утврдена референтната цена наведувајќи дека во неа е вкалкулиран и трудот на медицинските лица и потрошените материјали до детал. Имајќи ги во вид сите потребни трошоци за ПАП тестот е дојдено до предложената цена од 600,00 денари. Додаде и дека притоа не е калкулирано со најниските цени туку со повисоки.*

*Лазар Трајчев укажа и дека освен што референтната цена се намалува исто така е намалено и учеството во цената на осигурените лица.*

*Борис Јосифовски праша која медицинска установа ја прифаќа оваа цена односно каде услугата ќе им се овозможи на осигурените лица по цена од 600,00 денари, на што Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека цената е прифатена од повеќе приватни лаборатории а очекува да ја прифатат и сите останати.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтна цена на ПАП***

*со која се утврди референтна цена за ПАП тест од 600,00 денари*

***ТОЧКА 8 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за за одобрување на користење приватни возила за службени потреби*

*Директорот Тренкоски објасни дека е потребно да се прецизира висината на надоместокот за користење на приватни возила на вработените во Фондот за службени потреби. Сега важечката одлука која беше донесена поради недоволниот број на службени возила за сите активности на Фондот, пропишува надоместувањето да се врши во согласност со важечките прописи. Меѓутоа, законските прописи тоа не го пропишуваат стриктно, туку само определуваат рамка која не смее да се надмине а која е поставена на 30% од цената на горивото по изминат километар. Максимумот е превисок, односно тоа е прескапо за Фондот, но сепак треба да се утврди надоместок кој ќе биде стимулативен за вработените односно што ќе ги опфати реалните трошоци и амортизацијата на возилото. Сметаме дека тоа ќе се постигне со утврдување на надоместокот во висина од 20% од цената на горивото кое го користи возилото по изминат километар.*

*Маријана Лончар Велкова укажа дека е најдобро да се купат возила ако е тоа можно а Снежана Костадиноска Милошеска и Љубиша Каранфиловски прашаа дали користењето на такси превоз е моќно решение.*

*Директорот Тренкоски објасни дека не е предвидено купување на нови возила. Вработените на Фондот пак, службените задачи ги извршуваат на територијата на целата земја, при што честопати во еден ден посетуваат повеќе места а понекогаш и ноќеваат. Поради тоа најпрактично е користењето на возило кое постојано ќе го имаат покрај себе. Затоа такси превозот не е погоден.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за за одобрување на користење приватни возила за службени потреби***

*со која висината на надоместокот за користење на приватно возило за службени потреби ја утврди на 20% од цената на литар гориво што го користи возилото по изминат километар.*

***ТОЧКА 9 -*** *Приговори од областа на работните односи*

*По оваа точка директорот Тренкоски објасни дека до Управниот одбор е упатена жалба од Соња Кузманоска Трајкоска од Прилеп во врска со известувањето за изборот што е направен по објавен оглас за вработување.*

*Трајче Леов наведе оти смета дека Управниот одбор не треба да одлучува за ваков вид на жалби туку нив треба да ги разгледува комисија на Фондот.*

*Слаѓана Пешевска објасни дека според законските прописи, директорот има дискреционо право да избере кандидат од оние кои ги исполнуваат потребните услови од огласот. Оттаму, жалбите од овој вид не треба да ги разгледува ниту комисија. Овој жалба е презентирана на Управниот одбор затоа што до него беше упатена односно насловена.*

*Според Борис Јосифовски, Управниот одбор е надлежен да ги разгледува приговорите од работните односи во управна постапка, но за тоа треба да има објаснување во писмена форма.*

*Лазар Трајчев исто така наведе дека во одредени ситуации кога од директорот на Фондот е донесено решение, Управниот одбор има надлежност да одлучува по жалбата против нив. Овојпат тоа не е таков случај.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да не ја разгледува жалбата од Соња Кузманоска Трајкоска.*

***ТОЧКА 10 –*** *Разно*

*Под точката разно, се разгледа барањето на ЈП Комуналец од Гевгелија за плаќање на заостанат долг за неплатен придонес за здравствено осигурување на рати.*

*Лазар Трајчев го презентира барањето во кое и објасни дека ЈП Комуналец – Гевгелија има долг од 600.000,00 денари кој почнале да го плаќаат. Овој долг се однесува на вработените во две подружници кои се припоени кон ЈП Комуналец во ноември 2007 година. Во претпријатието има околу 130 вработени кои поради долгот не добиваат сини картони. Комуналец поради статусот што го има – јавно претпријатие, не може да обезбеди банкарска гаранција за во согласност со Одлуката за овласување на централната служба на Фондот да му биде овозможено плаќање на рати и истовремено користење на синио картони. Затоа бараат, Управниот одбор имајќи ја во вид нивната специфична положба да им одобри плаќање на долгот на десет рати и истовремено издавање на сини картони за вработените.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го прифати барањето и одлучи на ЈП Комуналец од Гевгелија да му се овозможи плаќање на долгот на десет месечни рати и издавање на сини картони за вработените откако во таа смисла ќе се склучи судско порамнување пред судот кај кој се води судската постапка за наплата на долгот.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***